**Г Р А Д   С К О П Ј Е**

ПРЕДЛАГАЧ: **Градоначалник на Град Скопје**

ИЗГОТВУВАЧ: **Сектор за заштита на животната средина**

ПРЕТСТАВНИК: **Соња Цветковиќ Чолакова**
**Раководител на Сектор за заштита на животната средина**

ПОВЕРЕНИК: **Никола Јовановски,**
**Помошник раководител на Секторот**

# П Р Е Д Л О Г - О Д Л У К А
**за определување на максимален износ за доделување на поединечна субвенција на граѓаните на подрачјето на Градот Скопје за купување електрични тротинети во 2022 година**

Скопје, јуни 2022 година

**ПРЕДЛОГ**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на Република Македонија број 05/02) и Програмата на активности од областа на заштитата на животната средина на подрачјето на Град Скопје за 2022 година („Службен гласник на Град Скопје“ бр.2/22; 4/22) Советот на Град Скопје, на __________ седница, одржана на ___________ 2022 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за определување на максимален износ за доделување на поединечна субвенција на граѓаните на подрачјето на Градот Скопје за купување електрични тротинети во 2022 година**

**Член 1**

Со оваа одлука, Советот на Град Скопје го определува максималниот износ за доделување на поединечна субвенција на граѓаните на подрачјето на Градот Скопје за купување на електрични тротинети во 2022 година.

**Член 2**

Максималниот износ за поединечна субвенција за купување електричен тротинет по лице се утврдува во износ од 30% од вредноста на електричниот тротинет, но не повеќе од 8.000,00 денари по лице, со вклучен персонален данок на доход.

Доделувањето на поединечната субвенција се врши врз основа на доказ дека е извршено купување на еден електричен тротинет од Република Северна Македонија, и тоа со оригинал фискална сметка издадена во Република Северна Македонија, со датум од 01.01.2022 година се до исцрпувањето на буџетот наменет за доделување на поединечна субвенција на граѓаните на подрачјето на Градот Скопје за купување електрични тротинети, при што задолжително е тротинетот да е целосно отплатен. Плаќањето на рати не се прифаќа.

**Член 3**

За субвенционирање на граѓаните на подрачјето на Градот Скопје при купување електричен тротинет се обезбедени финансиски средства во Буџетот на Град Скопје за 2022 година, во Програма Р1 Заштита на животната средина, Буџет на Сектор за заштита на животната средина Р1 тековно оперативни расходи, ставка 464, конто 464990, со вкупен износ од 3.000.000,00 денари.

**Член 4**

Се овластува Градоначалникот на Град Скопје да ги пропише конкретните услови, начинот и постапката за доделување на поединечна субвенција на граѓаните на подрачјето на Градот Скопје  за купување на електричен тротинет.

**Член 5**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Град Скопје“.

Број ___________<br>
__.__.2022 година<br>
Скопје

СОВЕТ НА ГРАД СКОПЈЕ<br>
ПРЕТСЕДАТЕЛ,<br>
Трајко Славески

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Правен основ за донесување на оваа одлука е членот 36 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" број 5/02) и Програмата на активности од областа на заштитата на животната средина на подрачјето на Град Скопје за 2022 година („Службен гласник на Град Скопје" бр.2/22; 4/22), согласно кој Советот на Градот Скопје е надлежен да одлучува за донесување на ваков вид на одлуки.

Според податоците од Министерството за животна средина и просторно планирање емисијата на загадувачки супстанци во воздухот потекнува од скоро сите економски и социјални човекови активности, а сообраќајот продолжува да биде значаен извор на емисија на високи количества загадувачки супстанци во воздухот. Најголем удел во емисијата на азотни оксиди има согорувањето на горивата во моторните возила. Во утринските часови, со интензивирањето на сообраќајот, концентрацијата на азотните оксиди се зголемува. Во нашата земја, најголеми количини на емисии на азотните оксиди се емитираат од категоријата Транспорт со 39% од вкупните емисии. Согорувањето на фосилните и биогоривата кај моторните возила исто така го намалуваат квалитетот на амбиентниот воздух бидејки дополнително емитираат и ПМ честички кои достигнуваат високи концентрации во градот Скопје.
Со донесувањето на предложената одлука Советот на Градот Скопје во рамките на своите законски надлежности придонесува кон намалување на интезитет на сообраќај во градот во однос на возилата на фосилни горива. Со ова се намалуваат емисиите на штетните честички во воздухот и се унапредува квалитетот на животната средина.

Со предложената одлука, Советот на Град Скопје го определува максималниот износ за доделување на поединечна субвенција на граѓаните на подрачјето на Градот Скопје за набавка на електрични тротинети во 2022 година во износ од 30% од вредноста на електричниот тротинет, но не повеќе од 8.000,00 денари по лице со вклучен персонален данок на доход, а воедно го овластува Градоначалникот на Град Скопје да ги пропише конкретните услови, начинот и постапката за доделување на поединечна субвенција на граѓаните на подрачјето на Градот Скопје за купување електрични тротинети.

За реализација на овој проект, во Буџетот на Град Скопје за 2022 година во Програма Р1, ставка 464, конто 464990 се предвидени 3.000.000,00 денари за субвенционирање на граѓаните на подрачјето на Градот Скопје за купување електрични тротинети.

Од наведените причини се предлага Советот на Град Скопје да ја усвои одлуката за определување на максимален износ за доделување на поединечна субвенција на граѓаните на подрачјето на Градот Скопје за купување електрични тротинети во 2022 година.